Врз основа на член 7-а од Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија “ бр. 84/2007, 161/2009, 145/2010, 119/2013, 164/2013, 41/2014, 192/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 23-08-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 04- | 3934/1 | | |


**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување в.д. директор на**
**Управата за наменско производство**

1. За вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија, се именува **Дениз Исмаили**.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

**Број 24 – 4717/1**
**3 август 2017 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

Врз основа на член 2 став 3 и член 10 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013 и 139/2014) и член 1 од Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008, 154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010, 63/2010, 158/2010, 5/2011, 75/2011, 133/2011, 70/2012, 82/2012, 161/2012, 172/2013, 16/2014, 21/2014, 99/2014, 116/2014, 152/2015, 161/2015, 218/2015, 19/2016, 71/2016 и 189/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3 август 2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување коефициент за пресметување на плата

1. На **Дениз Исмаили,** в.д. директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија, му се утврдува коефициент 2,9 за пресметување на платата.

2. Месечната плата по основ на работното искуство се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

3. Исплата по ова решение ќе врши Министерството за економија, сметано од 3 август 2017 година.

## Образложение

Со Решение на Владата на Република Македонија бр.24 – 4717/1 од 3 август 2017 година, Дениз Исмаили е именуван за в.д. директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија.

За функцијата за која е именуван во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија е утврден коефициент 2,9 за пресметување на платата.

Месечната плата по основ на работното искуство, согласно член 10 од наведениот закон се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Со оглед на изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Број 24 – 30/99**
**3 август 2017 година**
**Скопје**
29.08.2017

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ